# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ



| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда 16 Јуни 2021 година Број 08/2021 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|



Согласно член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа и член 53 од Деловникот за работа свикувам итна седница на Советот на општина Радовиш поради следното

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На последната 57-ма седница Советот на општина Радовиш прифати дополнување на дневен ред со три точки.

Градоначалникот на општината смета дека дополнувањето со двете точки кои ги оспорува и се предлог за дневен ред треба повторно да се разгледаат.

Образложение за секоја точка е дадено во решението за непрогласување и запирање од објавување, а дополнително ќе биде образложено и на самата седница.

Од тие причини донесените одлуки не ги прогласи и го запре нивното објавување.

Согласно Законот за локална самоуправа Советот на општината е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од градоначалникот да го разгледа решението и да одлучи по него.

Имајќи во предвид дека објавата е направена на 03.06.2021 година, а рокот е преклузивен, ја свикувам оваа итна седница со цел истиот да биде запазен.

Изработил:
Оливера Долдурова

Бр. 08-902/2 — Совет на општина Радовиш
14 Јуни 2021 г. — Претседател
Радовиш — Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за прогласување итност на 58-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 58-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -924/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 16.06.2021 год.

Бр. 09-924/2 — Градоначалник
16 Јуни 2021 г. — на општина Радовиш
Радовиш — Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 55 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 16.06.2021 год, донесе

О Д Л У К А
За прогласување итност на 58-та седница
на Советот на општина Радовиш

Член 1

Се прифаќа итноста на 58-ма седница поради непрогласување и запирање од објавување на две точки од дневниот ред број 08-834/1 и број 08-836/1 од 31.05.2021 година за кои е потребно повторно да се разгледаат.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-924/1 — Совет на општина Радовиш
16 Јуни 2021 г. — Претседател
Радовиш — Викица Манолева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена и дополнување
во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година бр. 08-22/2 од 05.01.2021 год. број 08-834/1 од 31.06.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена и дополнување на за измена во

Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година, бр. 08-22/2 од 05.01.2021 год. број 08-834/1 од 31.06.2021 година , бр. 08-925/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 16.06.2021 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-925/2 | Градоначалник |
| 16 Јуни 2021 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 16.06.2021 година, при повторно разгледување донесе

## ОДЛУКА
### за измена во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година бр. 08-22/2 од 05.01.2021 год. број 08-834/1 од 31.05.2021 година

Член 1

На повторното разгледување делумно се повлекува и изменува Одлуката за измена во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година, бр. 08-22/2 од 05.01.2021 год. број 08-834/1 од 31.05.2021 година и гласи:. „Продолжува проектот за реконструкција на Централното градско подрачје само за улица „ Св. Спасо Радовишки„, додека за реконструкцијата на улицата „22-ри Октомври„ да се донесе одлука по локалните избори„.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-925/1 | Совет на општина Радовиш |
| 16 Јуни 2021 г. | Претседател |
| Радовиш | Викица Манолева с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за изградба на повеќенаменско игралиште во с. Калаузлија општина Радовиш број 08-836/1 од 31.05.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства за изградба на повеќенаменско игралиште во с. Калаузлија општина Радовиш, број 08-836/1 од 31.05.2021, бр. 08-926/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 16.06.2021 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-926/2 | Градоначалник |
| 16 Јуни 2021 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 31.05.2021 година, повторно донесе

## О Д Л У К А
### за одобрување финансиски средства за изградба на повеќенаменско игралиште во с. Калаузлија општина Радовиш број 08-836/1 од 31.05.2021 година

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за за изградба на повеќенаменско игралиште во с. Калаузлија општина Радовиш.

Оваа Одлука да се стави во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-926/1 | Совет на општина Радовиш |
| 16 Јуни 2021 г. | Претседател |
| Радовиш | Викица Манолева с.р. |

СОДРЖИНА:

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ---------------------------------------------------------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 58-та седница на Советот на општина Радовиш ------------------------------------------------------------------ 1
ОДЛУКА За прогласување итност на 58-та седница на Советот на општина Радовиш------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување а комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година бр. 08-22/2 од 05.01.2021 год. број 08-834/1 од 31.06.2021 година ------------------------------------------------------ 1
ОДЛУКА за измена во Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2021 година бр. 08-22/2 од 05.01.2021 год. број 08-834/1 од 31.05.2021 година ---- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за изградба на повеќенаменско игралиште во с. Калаузлија општина Радовиш број 08-836/1 од 31.05.2021 година ------------------------------------------------------------------------------ 2
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства за изградба на повеќенаменско игралиште во с. Калаузлија општина Радовиш број 08-836/1 од 31.05.2021 година ---------------------------- 2